# QUESTIONS AND INTERACTION IN MODERN SCHOOLING BY NATURE AND SOCIETY

**Leonora Jegeni**
Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridski”University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje
Leonora.jegeni@hotmail.com

**Abstract:** Communication and interaction between students and teachers affect the lives of the students much more than they are aware of. This is probably the most important aspect of the teacher's work, but also the role for which he is least qualified. Interaction with communication is a case of a student asking a questioning, a teacher asking a questioning.
In modern times, effective teaching is just as important if not matched by the product or the end result. For example, the teacher asks students “who knows the answer of the question?” In communication, then the assumption is that the most important part of the integration will be answers. However, there are two jobs that are just as important: process and context. The process involves: 1.how the student came up with the answer, 2. the way the question was asked, and 3. the way the teacher reacted or confirmed the answer.
The context applies to the circumstances in which the issue was put. As long as the teacher posts the questions with the intention of encouraging the students, the teacher will sound a bit off if he or she asks a question to determine who knows the correct answer.
The teacher should tell the students that their follow-ups are good-natured and that they should be promptly set. It is for students to tell them that they are supportive and that dialogue is not to be used to make mistakes and to prove that they are wrong. The biggest mistake a teacher would make is if a student has raised hand to say something, and the teacher does not notice it. Therefore, one should always watch and listen, to observe and to have a bar in the classroom, meaning that one of the students is prepared to say something. In a link with this, Jansen points out, "One of the experiences that has been most frustrating is that there is something very important to say about students being prepared to risk sharing with others, and the teacher not to notice their raised cancer. “
Body language is very important in the interaction that the student begins to speak, the teacher needs a little distance from it. This encourages the sense of participation of other students in the class. He should make contact with the eyes of the speaker, and he should also change the posture of his body from the state of the speaker to the state of the listener. It also has to do with my own judgment that I am refractory to the visual conative and the kinesthetic. The role of the listener softens and relaxes the atmosphere in the department.
Also important for the teacher is the strategy of setting the questions. The speaker should make sure that the attention of the other students in the class is taken into account. If there is no such thing, it should wait until the department is ready. The teacher should make sure that all of them have an auditory question or answer. If necessary, the student should continue to repeat. However, this should be asked by the student to repeat the question in such a way that the class is told that the question is worth listening to.
**Keywords:** communication, observation, thinking, conditions, abundance.

# ПРАШАЊАТА И ИНТЕРАКЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПО ПРИРОДА И ОПШТЕСТВО

**Леонора Јегени**
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Leonora.jegeni@hotmail.com

**Резиме:** Комуникацијата и интеракцијата помеѓу учениците и наставниците влијаат на животот на учениците многу повеќе од колку што сме затоа свесни. Тоа е веројатно најважниот аспект на работата на наставникот, но и улогата за која тој е најмалку оспособен. Интеракцијата при комуницирањето се случува кога ученикот поставува прашања кога наставникот поставува прашање.
Во современата ефективна настава процесот е исто толку важен ако не и поважен од производот или крајниот резултат. Ако, на пример, при комуникацијата наставникот ги запраша учениците “кој го знае одговорот на прашањето?”, присутна е претпоставката дека одговорот е најважниот дел од интеграцијата. Меѓутоа, постојат две работи кои се исто така важни: процесот и контекстот. Процесот вклучува: 1. Како

ученикот дошол до одговорот, 2. Начинот на кој е поставено прашањето, и 3. Начинот на кој наставникот реагира или го потврдува одговорот.
Контекстот се однесува за околностите во кое е поставено прашањето. Доколку наставникот постави прашања со намера да ги охрабри учениците, наставникот ќе звучи поинаку отколку ако постави прашање за да одреди кој го знае точниот одговор.
Наставникот треба да им укаже на учениците дека нивните прашања во наставата се добредојдени и дека треба без страв да ги поставуваат. Тој треба на учениците да им укаже дека секогаш ќе ги подржува и дека дијалогот нема да го искористи за да бара грешки и да докажува дека не се во право. Најголемата грешка би направил наставникот во колку некој ученик крева рака за нешто да каже, а наставникот тоа не го приметува. Затоа тој треба секогаш да гледа да слуша, да посматра и да бара во училницата знаци дека некој од учениците е подготвен нешто да каже. Во врска со ова Јансен истакнува "Едно од искуствата кое најмногу фрустрира е тоа, да се има нешто кое многу важно да се каже за кое учениците се подготвени толку да рескираат за да го споделат со другите, а наставникот да не ја примети нивната подигната рака".
Говорот на телото е многу важен во интеракцијата кога ученикот започнува да говори, наставникот треба малку да се оддалечи од него. Тоа го поттикнува чувството за учество и на другите ученици во одделението. Тој треба да воспостави контакт и со очите на говорникот, а исто така треба да го промени држењето на своето тело од состојба на говорник во состојба на слушател. Исто така тој треба својата состојба да ја префрли од визуелна кон аудитивна и кинестетичка. Улогата на слушател ја омекнува и ја опуштува атмосферата во одделението.
За наставникот важна е и стратегијата на поставување на прашањата. Тој притоа треба да се увери говорникот го има вниманието на другите ученици од одделението. Ако го нема ова нешто треба да причека додека одделението не биде подготвено. Наставникот треба да биде сигурен дека сите го имаат слушнато прашањето или одговорот. Ако е потребно ученикот дури треба и да го повтори. Притоа, тој треба да го замоли ученикот да го повтори прашањето со таков тон со кој на одделението ќе му се каже дека прашањето вреди да се сослуша.
**Клучни зборови**: комуникација, набљудување, мислење, услови, обилност.

## 1. ВОВЕД

Наставникот треба да им укаже на учениците дека нивните прашања во наставата се добредојдени и дека треба без страв да ги поставуваат. Тој треба на учениците да им укаже дека секогаш ќе ги подржува и дека дијалогот нема да го искористи за да бара грешки или да докажува дека не се во право. Најголема грешка би направил наставникот доколку некој ученик крева рака за нешто да каже, а наставникот тоа не го приметува. Затоа тој треба секогаш да гледа, да слуша, да посматра и да бара во училницата знаци дека некој од учениците е подготвен нешто да каже. Во врска со ова Јенсен истакнува: "Едно од искуствата кое најмногу фрустрира е тоа, да се има нешто кое е многу важно да се каже, за кое учениците се подготвени толку да рескираат за да го споделат со другите, а наставникот да не ја примети нивната подигната рака" (Јенсен, Е., 1998, 147). Говорот на телото е многу важен во интеракцијата. Кога ученикот започнува да говори, наставникот треба малку да се оддалечи од него. Тоа го поттикнува чувството за учество и на другите ученици во одделението. Тој треба да воспостави контакт и со очите на говорникот, а исто така треба да го промени држењето на своето тело од состојба на говорник во состојба на слушател. Исто така тој треба својата состојба да ја префрли од визуелна кон аудитивна и кинестетичка. Улогата на слушател ја омекнува и опуштува атмосферата во оделението.
За наставникот важна е и стартегијата на поставување на прашањата. Тој притоа треба да се увери говорникот го има вниманието на другите ученици од одделението. Ако го нема ова нешто треба да причека додека одделението не биде подготвено. Наставникот треба да биде сигурен дека сите го имаат слушнато прашањето или одговорот. Ако е потребно ученикот дури треба и да го повтори. Притоа, тој треба да го замоли ученикот да го повтори прашањето со таков тон со кој на одделението ќе му се каже дека прашањето вреди да се сослуша.
Најдобро е за учениците кога наставникот ќе им дозволи да говорат без да се прекинуваат како и без исправки или менување на она за што зборуваат. Меѓутоа, постојат три случаи, според Јенсен, кога учениците треба да бидат прекинати, а тоа се:

1.ако интеракцијата е исклучително нејасна и трае кога веќе е изгубено вниманието на учениците од одделението,

2.ако прашањето содржи почетна премиса која, како што е искажана, остатокот на прашањето го прави невреден и недостоен за одговор, и

3. ако коментарот содржи непристојни, критички или непријателски зборови кои при добра совест не можат да бидат упатени, а да не бидат исправени. (ибид. , 148)

Доколку наставникот треба да го прекине ученикот, тој тоа треба да го направи со почитување и треба да му даде до знаење зошто тоа го прави и потоа да му дозволи да продолжи.

Ученикот треба да го заврши своето прашање без исправување на грешките од страна на наставникот, воколку тоа битно не влијае на суштината на прашањето.

Кога наставникот одговара на прашањата на учениците или води дијалог со нив, важно е да има некој вид на образец за одговори. Следат некои предлози:

- Одделението треба да знае дали прашањето е многу важно или одлучува за успехот на ученикот. Тоа може да послужи како привлекување на вниманието.

- Ако наставникот не е подготвен да одговори на прашањето, учениците треба тоа да го знаат. Не треба да измислува одговор. Наместо тоа, тој треба да му даде на ученикот предлог како да го пронајде одговорот или да му каже дека одговорот ќе го има утре или нека му понуди заедно да дојдат до одговорот.

- Ако прашањето не заслужува одговор, наставникот треба да го повика ученикот да го “задржи” прашањето и да ја проучи природата на прашањето, наместо веднаш да му даде одговор. Друга можност е да му се каже на учениците дека не е најдобро време за да се одговори на прашањето; меѓутоа, му се заблагодарува на ученикот за прашањето и му кажува дека подробно ќе одговори подоцна.

Кога ученикот поставува прашање или нешто коментира во одделението, тој рескира за тоа другите да сметаат дека не е во право, дека е глуп или дека прашањето не на место. Една од најголемите причини зошто учениците не поставуваат поголем број на прашања во наставата е таа дека сите понекогаш се осрамотиле. Наставникот секогаш треба да ги му се заблагодарува на ученикот за поставеното прашање или видот на прашањето и да одговори.

Најдобар начин за поттикнување на учениците за поставување идни прашања е тој кога одговорите кои наставникот ги дава да се што пократки. Најнапред треба да се даде опш преглед, а потоа деталите. На ученците им се одбивни долгите одговори.

Една од најважните работи која наставникот треба да ја направи е да создаде добар однос со учениците. Кога ќе добие непријатно прашање, тоа е знак дека тој добар однос е уништен. Во моментот кога тој ќе го чуе незгодното прашање, тој треба да се растовари, да се концентрира и повторно да проба да воспостави добар однос. Притоа треба да ги открие потребите на ученикот и да направи се што е потребно за повторно да се воспостави нов сојуз.

За да поттикне добар однос наставникот треба да настојува говорот на телото да му биде како и на ученикот. На пример, доколку ученикот седи, наставникот треба да се спушти во висина на неговите очи. Наставникот треба емпатиски да комуницира со ученикот, односно да се постави во негова положба за да горазбере неговото стојалиште.

Наставнкот секогаш треба да ја преиспитува својата намера кога сака на другите да им постави прашања. Оптимален резултат за секое прашање кое ќе биде поставено е да ги охрабри учениците на него да одговорат. Затоа прашањата на наставникот треба да се одмерени за да можат учениците релативно лесно да одгворат на нив. Работа на наставникот е кај учениците да создаде чувство за сопствена вредност, а тоа не се случува воколку учениците се чувствуваат неуспешни.

Како наставникот да одлучи кој ученик ќе го повика да одговара? Успешниот наставник тоа би го направи вака:

-Избира доброволец. За да создаде атмосфера за соработка во одделението, тој ќе забележи многу кренати раце во одделението. Меѓутоа, треба да е свесен дека секогаш се јавуваат исти број на доброволци.

- Наставникот треба да избере ученик за кој мисли дека ќе може да ја подигне самодовербата на останатите ученици.

- Избраниот ученик нека биде одделенски советник за тој ден. Секој ученик има некое посебно оли единствено знаење или талент. Работата на наставникот е да ги открива способностите на учениците.

**2. ПРАШАЊЕ – ОДГВОР, РЕЗУЛТАТ**

Голем број наставници премногу сакаат учениците да даваат “точен” одговор. Тие ги наградуваат учениците кои знаат, а ги казнуваат оние кои не знаат. Тие наставници тврдат дека ученикот треба или да го знае одговорот или да не го знае, така што не постои нешто помеѓу. Во ова технолошка и информациска епоха треба да се запрашаме: “Дали е покорисно учениците да ги поучуваме на факти или да ги поучуваме на стратегии за пронаоѓање и создавање информации кога тие тоа ќе го посакаат?” За да успеат во современиот живот, од учениците се бара да знаат како да се дојде до одговорот и како да се употребат разновидните информации за решавање на секојдневни проблеми.

На учениците треба да им е дозволено во одреден момент и “погрешно” да одговорат. Тогаш нивното внимание треба да биде насочено од страна на наставниците на процесот кој ќе ги доведе до точен одговор. Неуспехот се охрабрува со поширокиот контекст на успехот; а всушност неуспехот е информација за да се постане успешен. Јенсен укажува на тоа дека “погрешните” одговори понекогаш можат да бидат покорисни од точните. Поважен е процесот кој учениците ги довел до одговорот” (ибид, стр. 153).
Некои педагози ја застапуваат тезата дека толерирањето на погрешните одговори доведува до ниски нивоа на резултатите. Во ситуација на директно присетување на одговорот, ученикот кој нуди погрешен одговор можеби употребува поуспешна стратегија на учење од повисок ред, за разлика од ученикот кој дава точен одговор. Многу ученици прашањето го толкуваат како посложено отколку што тоа навистина е, кое нешто ги доведува до погрешен одговор. Многу често се слуша изреката дека наставниците го слушаат одговорот кој го очекуваат, а не оној кој го добиваат.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Теоретското димензионирање на проблемот на квалитетот на прашањата на наставникот и учениците во наставата по природа и општество ни овозможи да утврдиме неколку факти, кои го оправдуваат нашето истражување. Прво, констатиравме дека прашањата на наставникот и ученикот во наставта по природа и општество преставуваат мултидимензионален проблем, определени првенствено од учењето и подучувањето низ прашања и одговори како взаемен партнерски однос меѓу субјектите во наствата, односно воспставување дијалог како највисока форма на педагошка комуникација и интеракција. Второ, во определувањето на нашиот проблем на истражување, го имавме предвид фактот дека во наставтата се применуваат најразлични видови прашања на наставникот и ученикот и создавање на општа социоемоционална клима на почитување на личниот став на учениците, како и тоа дека во наставата по природа и општество треба да се создадат претпоставки за поттикнување на субјектите да поставуваат квалитетни прашања кои провоцираат квалитетни одговори, со акцент за прифаќање на самостојноста и индивидуалноста на учениците, правото на грешки на ученикот, како и прифаќање на оригинални и дивергентни видови на реакции во одговорите на учениците. Исто така, со теоретстаката анализа на проблемот дојдовме до сознанија кои говорат дека сложениот феномен на квалитетот на прашањата во наставата по природа и општество е определен од повеќе детерминанти. Имено, методичкото обликување (организацијата) на наставата, изразено со користење на претежно недирективни форми на комуникација и отсуство на доминантност на наставникот, како и со примената на разни наставни средства, методи и форми на работа, од една страна, содржинската страна на наставата определена со наставните предмети природа и општество, од друга страна, типот на часот и артикулационите етапи во текот на часот, како и мотивираноста на учениците за комуникација го димензионираат квалитетот на прашањата и одговорите во текот на часот.
Во тој контекст, наш предмет на истражување е квалитетот на прашањата на наставниците и учениците во наставата по природа и општество.
Предметот на истражување го разгледуваме врз основа на анализата на комуникацијата – поставените прашања на наставникот и ученикот во текот на часот, со непосредно набљудување на наставните часови, како и од аспект на мислењата на наставниците и учениците по прашањето за квалитетот (видови, функција, зачестеност, насока, содржинска детерминираност) на прашањата на наставниците и учениците, потоа мотивираноста на учениците од страна на наставникот да поставуваат прашања, како и методичкото обликување на наставата по природа и општество.

## ЛИТЕРАТУРА

Белон, К., Мињо, К., (2004), Комуникација, Логос, Скопје.
Бергер, Е., Фукс, Х., 2008, Комуникација, обучение, презентација, Просвета, Софија.
Груевски, Т., (2006), Култура на говорната комуникација, Педагошки факултет,Битола.
Колонџовски, Б., (2002), Детето - истражувач на природата, ФУВ, Битола.
Билјана, К., (2016), Методика на наставата од природнонаучното и од општественото подрачје, Педагошки факултет “Св. Климент Охридски”, Скопје.
Andrews, K., (2019), Exploring Nature Journal for Kids: Observe and Record the Outdoors,Rockridge Press, USA.
Babic, H., (1983), Detska pitanja, Skolska knjiga, Zagreb.
Heinecke, L L., (2016), Outdoor Science Lab for Kids: 52 Family-Friendly Experiments for the Yard, Garden, Playground, and Park, Quarry Books, USA.
Jensen, E., (1998), Nastavne strategije za kvalitetnu skolu i uspesno ucenje, Education, Zagreb.
Leonora, J., (2015), Metodika e punës educative – arsimore nga natyra dhe shoqëria, Fakulteti Pedagogjik, Shkup.
MacKenzie, T., (2016), Dive into Inquiry: Amplify Learning and Empower Student Voice, Elevate Books Edu, Canada.